МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

IDSCS Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

# Вработување во изборните програми

*Анализа на изборните програми на политичките партии*

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас Цивилис – Скопје (ИДСЦС)
Македонски институт за медиуми (МИМ)

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС
Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС
Билјана Петковска, извршен директор на МИМ

**Автор**
Марија Теговска, ИДСЦС
Ивана Петкуќеска, ИДСЦС

**Подготовка**
Марија Теговска, ИДСЦС

---

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС, ИДСЦС, МИМ**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

---

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| СДУ | Социјал демократска унија |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ПОДЕМ | Партија за демократско обединување на Македонија |
| ЛДП | Либерал демократска партија |
| НД | Нова демократија |
| НДП | Национална демократска преобразба |
| ОМ | Обединети за Македонија |
| СДСМ | Социјал демократски сојуз на Македонија |
| НДУ | Национална демократска унија |
| ДД | Демократска десница |

# Вовед

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) во април 2011 г. започнаа повеќе заеднички активности за вонредните парламентарни избори во рамките на интегрираната платформа Мојот избор 2011. Активностите вклучуваат испитување на јавното мислење, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Во овој извештај е презентирана **квантитативна и квалитативна анализа на програмите на политичките партии за вонредните парламентарни избори во 2011 г.** од аспект на конкретни предлози и решенија за вработувањето и сиромаштијата. Општи и декларативни заложби не се земени во предвид.

Во анализата се вклучени **програмите на оние политички партии кои доставиле или објавиле програма за изборите**. Програмите на политичките партии кои беа доставени или објавени на албански јазик, беа преведени на македонски јазик и потоа анализирани.

Во овој документ се претставени резултатите од спроведената анализа и заклучоците кои произлегуваат од неа. Дел од резултатите од квантитативната анализа се претставени графички преку графикони и/или табели, а се користат и апсолутни бројки и проценти.

# Општи информации за програмите

За вонредните парламентарни избори во 2011 година, најголем дел (15 или 83 %) од политичките партии/коалиции кои се натпреваруваат за власт објавија/понудија (изборни) програми. Програмите се разликуваат како во содржината, така и во обемот.

**Табела 1: Преглед на политичките партии* кои доставиле/објавиле програма за парламентарните избори 2011 (по редослед во избирачко ливче)**

| Политичка партија | Веб-страница | Година | Јазик | Бр. на стр. |
|---|---|---|---|---|
| Демокрациа е ре – Партија за нова демократија | да | - | Албански | 29 |
| Партија на обединети демократи за Македонија (ПОДЕМ) | да | 2011 | Македонски | 50 |
| Социјалдемократска унија (СДУ) | да | 2011 | Македонски | 48 |
| Демократска унија на Албанците (ДУА) | да | 03/2011 | Албански | 48 |
| ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ ) | да | 2011 | Македонски | 284 |
| Демократска унија за интеграција (ДУИ) | да | 12/2009 | Албански | 87 |
| Демократска партија на Албанците (ДПА) | да | 06/2009 | Албански | 13 |
| Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | да | 2011 | Македонски | 139 |
| Национална демократска унија (НДУ) | не | 2011 | Албански | 4 |
| Либерално – демократска партија (ЛДП) | да | 2011 | Македонски | 122 |
| Политичка партија Демократска десница | да | 2011 | Македонски | 40 |
| Европска партија на Македонија | да | 2011 | Македонски | 9 |
| Партија за демократски просперитет (ПДП) | не | 2011 | Албански | 9 |
| Национална демократска преродба (НДП) | да | - | Албански | 10 |
| Обединети за Македонија (ОМ) | да | 2011 | Македонски | 64 |

*Врски до програмите на политичките партии се дадени во прилог 1, а истите може да се најдат и на www.mojotizbor.mk.

ВМРО - Народна партија (ВМРО-НП), Политичка партија Достоинство (ППД) и Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ) не доставија и немаат објавено изборни програми на нивните веб-страници.

# Како и колку се спомнува вработувањето во изборните програми

Говорејќи за вработувањата, политичките партии опфаќаат повеќе сегменти: образование, финансиска помош, разни целни групи на граѓани, јакнење на институционалните капацитети, јакнење на легислативата итн. И покрај огромната важност која ова прашање треба да ја добие од страна на политичките партии (воедно, според истражувањата на јавното мислење ова е едно од трите најважни прашања на кое политичките партии треба да обрнат внимание(ИДСЦС,мај 2011), сепак само пет политички партии (Демократиа а ре, СДСМ, ЛДП, ОМ и ВМРО-ДПМНЕ) нудат конкретни мерки за зголемување на вработеноста.

Вработувањето се спомнува во 8 од 12 од анализираните програми. Најголемо внимание на оваа сфера посветува ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Од другите политички партии, притоа имајќи ја во предвид големината на самата политичка партија и обемноста на програмата која ја нудат, значително внимание посветуваат и ПОДЕМ, ЛДП и ОМ. Во програмите на албанските политички партии, вработувањето како тема се разработува само од страна на Демократиа е ре.

Сите политички партии кои во својата програма ги спомнуваат вработувањето и сиромаштијата имаат посветено посебен дел само за тоа на различни нивоа од програмите.

Иако поголемиот дел го опфаќаат проблемот со вработувањето и сиромаштијата во програмата, сепак конкретни мерки се спомнуваат само кај пет од нив. Останатите ги имаат презентирано нивните ставови и општи предлози за зголемување на вработеноста и намалување на сиромаштијата соодветно. Предлозите и мерките главно се однесуваат на надградба на правната рамка, финансиска поддршка и јакнење на институционалните капацитети. Обемноста на предлозите и мерките кај политички партии варира. Ма пример, кај СДСМ повеќе се алудира на финансирање и субвенционирање од страна на државата како начин на поддршка на граѓаните при вработување, додека ВМРО-ДПМНЕ го акцентираат јакнењето на институционалниот капацитет.

**Табела 2: Посветени посебни делови од програмата и конкретни мерки на животната средина**

| Политичка партија | Посебен дел и наслов | Конкретни предлози и мерки |
|---|---|---|
| Демократиа е ре | Социјална политика-Борба против невработеноста | Да |
| ПОДЕМ | Елиминирање на сиромаштијата и радикално намалување на невработеноста | Не |
| СДУ | Развој-Невработеност и сиромаштија | Не |
| ВМРО-ДПМНЕ | Земја на еднакви можности за сите- | Да |
| ДУИ | / | Не |
| СДСМ | Пазар на работна сила- политика на вработување; фер и добро платена работа; социјално партнерство | Да |
| ЛДП | Запирање на растот на сиромаштијата и нееднаквоста | Да |
| НДУ | / | Не |
| НДП | / | Не |
| ОМ | Социјална политика | Да |

| | | |
|---|---|---|
| ДПА | / | Не |
| ДД | Економска стратегија-Вработувањето на прво место | Не |

## Понуда и предлози за вработувањето и сиромаштијата.

И покрај големото значење на вработеноста за економски развој на една држава, голем дел од политичките партии не нудат во своите програми конкретни мерки и предлози, а кај некои од политичките партии не е посветен дел во програмата за оваа проблематика.

### Подобрување на правната рамка

Мал дел од политичките партии (4 од 12) во своите програми имаат предлози за подобрување или надградба на правната рамка. Најголем дел од овие предлози се дел од програмата на СДСМ. Изменување на веќе донесени закони (СДУ), Донесување на нови закони(СДСМ, ОМ) како и усогласување на македонската со европската правна рамка во оваа област (Демокрација е ре). Останатиот дел од партиите не го предвидуваат подобрувањето на правната рамка во делот на вработувањето и сиромаштијата.

**Табела 3: Предлози во изборните програми за подобрување/надградба на правната рамка**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| СДСМ | - Законско уредување на формите на работа кои поради нивниот карактер и динамика, не може да се сметаат како работен однос. Ќе биде опфатена привремената и сезонска работа која не надминува 14 часа неделно. Целта е сите форми на таквата работа да бидат вклучени во механизам за поддршка на социјалните фондови и да се осигура дека на сите лица кои вршат таква работа им се обезбедуваат основните права на социјално осигурување. Со тоа ќе се намали обемот на неформалните вработувања.<br>-Во консултација со Економско-социјалниот совет ќе предложи закон во кој ќе биде вградена определбата на новата Влада, платата да не биде пониска од 9.000 денари. Со овој закон ќе се заштити стандардот на живот на граѓаните со најниски примања<br>-Ќе изврши преоценка на целокупното законодавство од обласа на трудот. Особено внимание ќе се посвети на заштитата на жената- работничка.<br>-Ќе ја врати одредбата според која ангажманот на работникот во ноќната смена нема да може да трае без прекин повеќе од една недела.<br>-Ќе ја врати одредбата за можност за скратено работно време за инвалидизираните лица.<br>-Ќе донесе посебен закон за заштита од мобинг. Трите членови од Законот за работни односи кои го третираат психичкото малтретирање на работното место не се доволни. |
| ОМ | -Нов закон за правата на бранителите<br>-Нов закон за овозможување физички пристап до сите државни институции за лица со посебни потреби.<br>-Нов закон за бесплатни станови и бесплатно студирање за деца без родители (стр.26) |
| СДУ | -Измени на Законот за работни односи (стр.17) |
| Демокрација е ре | -Потполна хармонизација на законодавството со таа на ЕУ, во забрзување на реформите во оваа сфера |

## Јакнење на институционалните капацитети за намалување на сиромаштијата и зголемување на вработеноста.

Од вкупно 12 анализирани програми, само 5 политички партии нудат конкретни институционални подобрувања со цел намалување на сиромаштијата и зголемување на вработеноста.

Има разлики во понудените мерки, сепак прашањето во однос на кое постои генерална согласност и се јавува кај најголем дел од партиите е изградбата на центри, домови и прифатилишта за најранливите групи во општеството, со што би се подобрил животот на истите. Следни мерки кои планираат да ги превземат политичките партии се во правец на образование и обука со цел конкуретност на пазарот(ПОДЕМ), како и зајакнување на капацитетите на Агенцијата за вработување(СДСМ)

**Табела 4: Предлози /предвидени активности во изборните програми во делот за вработување и сиромаштија.**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| Демокрација е ре | -Создавање на фондови за вработување |
| ВМРО-ДПМНЕ | -Отворање на 5 регионални Домови за сместување на стари лица(стр.162)<br>-Отворање на 4 Дневни центри<br>-Отворање Центар за давање на помош во домашни услови на стари и изнемоштени лица.<br>-Отворање на нови канцеларии на Агенцијата за вработување(стр.172)<br>-Воведување на биометричка технологија |
| ПОДЕМ | -Отворање на дневни центри за лица со посебни потреби, со кои ќе раководат стручни тимови, со цел нивна ресоцијализација;<br>-Отворање на дневни центри за наркозависници;<br>-Јавни манифестации за поттикнување на свеста за инклузија на лицата со посебни потреби;<br>-Отворање на прифатилишта за бездомници(стр.28)<br>-Образование, обуки и работилници за стекнување на потребното знаење и вештини, според потребите на пазарот на трудот.(стр.27) |
| ОМ | -Отворање на центри за прифаќање и сместување на бездомните лица.(стр 26) |
| СДСМ | -Формирање на месни центри за активирање на долгорочно невработени, преку различи видови на социјална работа. Преку мрежа на месни центри, ќе се поттикнува активноста на долгорочно невработените. Во овие центри, под менторство на обучени лица, долгорочно невработените ќе зпоминат основни програми за квалификација и ќе се ангажираат секојдневно во извршување на различни видови на платена социјална работа<br>-Новата Влада ќе обезбеди да се цени гласот на претставниците од приватниот сектор, оние што вработуваат, при правењето на наставните програми на државните универзитети. Со тоа би се воспоставил партнерски однос помеѓу државата, универзитетите и приватниот сектор, би се овозможило во училиштата и на универзитетите да се стекнуваат знаења што ги бара пазарот на работна сила и со тоа вработувањето да биде полесно<br>-Јакнење на капацитетот на Агенцијата за вработување, која од формално биро за евидентирање на невработените треба да се трансформира во вистински сервис за посредување при вработувањето и нејзино фокусирање на обезбедување права и услуги на оние кои бараат работа.<br>-Ќе го зајакне капацитетот на социјалниот дијалог преку промоција на нов модел „Трипартитен плус” - преку задолжителни вклучување на претставници на пензионерските асоцијации во Економско-социјалниот совет на Република Македонија. |

| | |
|---|---|
| | -Ќе овозможи да се формираат посебни одбори во рамките на Организацијата на работо-<br>давачите на Македонија, за да се обезбеди можност за потпишување на колективни договори во дејностите каде не се потпишани |

## Финансиска поддршка за унапредување на вработувањето

Предлози и заложби за финансиска поддршка се застапени само кај 3 политички партии. Во изборните програми простор наоѓаат и предлозите за финансиска поддршка со цел намалување на сиромаштијата преку зголемување на вработеноста и тоа на различни начини. Слично како и за претходните подрачја дел од партиите презентираат општи заложби, а дел конкретни мерки. Најголем дел од мерките се во областа на субвенционирање на вработувања на ранливи групи, талентирани ученици, финансирање програми кои би придонеле кон доообразување/преквалификација на одредени групи граѓани и сл. Во однос на државното финансирање во оваа насока, СДСМ во својата програма издвојува најголем дел и најмногу заложби за истото, споредбено со другите политички партии.

**Табела 5: Предлози во изборните програми за подобрување на финансирањето**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | - Проект -"Самовработување на 3.750 лица со кредитирање до сопствен бизнис"(стр.169)<br>-Проект- "1.000 дополнителни вработувања со кредит во бизнисите кои се отпочнати со мерката самовработување"<br>-Субвенционирање на вработување на:<br>150 деца без родители, вработување на 400 самохрани родители, 600 постари лица, 800 инвалидни лица, вработување на професионални војници на кои им престанала службата во АРМ.(стр.171)<br>-ВМРО-ДПМНЕ ќе продолжи со издвојување на буџетски средства за зголемување на социјалната помош и постојаната парична помош.<br>-Ќе продолжиме и со зголемувањето на буџетската поддршка за носителите на право за помош и нега од друго лице, помош за децата без родители и родителска грижа и другите категории социјално ранливо население!<br>-Порастот на социјалната помош и надоместоците ќе биде идентичен со зголемувањето на платите во јавниот сектор.<br>-ВМРО-ДПМНЕ им ветува на сите корисници на социјална помош и слични надоместоци дека во периодот 2012-2015 тие ќе бидат зголемени за 21,3%! |
| ДД | - Програмата за вработување предвидува инвестиции во создавање на квалитетен и квалификуван кадар кој што денес е потребен на пазарот на работна сила. |
| СДСМ | -. Покрај финансиската поддршка за работодавците, младите мајки ќе можат да користат и различни програми за обука и до-квалификација, со цел зајакнување на сопствените вештини.<br>-...ќе се доделат финансиски средства на невработените кои ќе најдат ново работно место во место оддалечено од местото на живеење (поголема урбана заедница). Проектот ќе обезбеди и дополнителна поддршка, во вид на обука и преквалификација на брачен другар и сл.<br>-Поддршка за вработување преку финансирање на програми за обука за постојни и нови компании. Проектот опфаќа финансирање на програми за обука за млади лица и невработени за постојни и нови компании, кои ќе пријават потреба од нови работни места<br>- ќе ги зголемиме бројот на корисниците и средствата одобрени за реализирање на мерките за поттикнување на вработувањето. Бројот на корисници на мерките годишно |

| | |
|---|---|
| | ќе изнесува 15.500 лица<br>-Владата ќе обезбеди финансиски средства со кои на<br>најмалку 10 асистенти од државните факултети по економија, кои ќе бидат доволно квалитетни за да го поминат процесот на селекција во странство, ќе им се платат докторски студии на најпрестижните универзитети во светот, како што е Харвард и сл<br>-Ќе се обезбеди обука за одделни занимања кои се дефицитарни на пазарот на трудот. Со обуката ќе бидат опфатени евидентирани невработени лица во периодот. Вклучените лица во обуката ќе добијат парична помош.<br>-Ќе се даваат грантови за работодавачите кои ќе обезбедат обука и тренинг на невработени лица. Вклучените лица во обуката ќе добијат парична помош. Работодавачите ќе имаат обврска да вработат најмалку две третини од вклучените лица во обуката и да не го намалат бројот на вработените на неопределено време во рок од 1 година.<br>-Ќе се обезбеди обука за напредни вештини од областа на информациските технологии. Со обуката ќе бидат опфатени евидентирани невработени лица. Вклучените лица во обуката ќе добијат парична поддршка<br>-Ослободување од обврската за плаќање на социјалните придонеси при прво вработување на млади лица до 27-годишна возраст во период од 1 година, под услов да бидат вработени уште најмалку 2 години.<br>-Субвенционирање за вработување на евидентирани невработени млади лица на возраст<br>до 27 години, со месечна финансиска поддршка од 16.000 денари за период од 6 месеци со обврска работодавачот да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци (вкупно 18 месеци).<br>-Директна поддршка за изготвување на одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и набавка на опрема и репроматеријали во износ од 307.500 денари за млади невработени лица до 27-годишна возраст евидентирани како невработени повеќе од три месеци<br>-Програмата за практикантство ќе обезбеди вклучување во програми за стажирање на невработени млади лица до 27-годишна возраст, преку месечен надоместок од 6.000 денари по лице со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување, во период од три месеци. Работодавачот ќе има обврска најмалку 20% од стажантите да ги вработи на период од најмалку 6 месеци.<br>-Ќе се обезбеди финансиска поддршка за проекти кои ќе обезбедат вработувања на младите во помалите градски или селски средини, каде е многу потешко да се најде работа.<br>-Ќе се обезбеди финансиска поддршка за проекти со кои се зголемува свесноста на младите за постоење на недостаток од одредени занимања и за нивната важност.<br>-Ослободување од плаќање на социјалните придонеси во период од 1 година за вработување на лица кои се евидентирани за невработени повеќе од 6 години, под услов да бидат вработени уште најмалку 2 години.<br>-Субвенционирање на вработување на евидентирани невработени постари лица (50 до 60-годишна возраст), со месечна финансиска подршка од 16.000 денари за период од 6 месеци со обврска работодавачот да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци (вкупно 18 месеци).<br>-Субвенционирање на вработување на евидентирани невработени лица на кои работниот однос им престанал по основа на стечај или ликвидација, со месечна финансиска подршка од 16.000 денари за период од 6 месеци со обврска работодавачот да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци (вкупно 18 месеци).<br>-Директна поддршка за самовработување која ќе овозможи изготвување на одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и набавка на опрема и репроматеријали во износ од 307.500 денари за лица евидентирани како невработени повеќе од 6 месеци. Лицата кои ќе бидат опфатени со програмата во рок од четири |

| | |
|---|---|
| | години нема да можат да се вратат во евиденцијата на невработените лица<br>-Директна поддршка за самовработување која ќе овозможи изготвување на одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и набавка на опрема и репроматеријали во износ од 307.500 денари за жени евидентирани како невработени повеќе од 3 месеци. Лицата кои ќе бидат опфатени со програмата во рок од четири години нема да можат да се вратат во евиденцијата на невработените лица.<br>-Субвенционирање на вработување на лица евидентирани како невработени најмалку 3<br>месеци, со месечна финансиска поддршка во износ од 16.000 денари за период од 6 месеци<br>со обврска работодавачот да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци (вкупно 18 месеци).<br>-Субвенционирање на вработување на лица евидентирани како невработени најмалку 6<br>месеци, со месечна финансиска поддршка во износ од 16.000 денари за период од 6 месеци со обврска работодавачот да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци<br>-Субвенционирање на вработување на самохрани родители (евидентирани како невработени најмалку 6 месеци) во периодот 2011-2015 година, со месечна финансиска поддршка во износ од 16.000 денари за период од 6 месеци со обврска работодавачот да ги задржи на работа најмалку уште 12 месеци (вкупно 18 месеци)<br>-Финансиска поддршка за обука и преквалификација на Роми.<br>-Финансиска поддршка за обука, преквалификација. |

# Заклучоци

1. **Мал дел од политички партии ја спомнуваат и нудат предлози за заштита и унапредување вработувањето и намалувањето на сиромаштијата.**

**Вработувањето се спомнува во 8 од 12 од анализираните програми**. Најголемо внимание на оваа сфера посветува ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ.
Само **пет политички партии** (Демокрација а ре, СДСМ, ЛДП, ОМ и ВМРО-ДПМНЕ) нудат конкретни мерки за зголемување на вработеноста.
Предлозите и мерките главно се однесуваат на надградба на правната рамка, финансиска поддршка и јакнење на институционалните капацитети. Обемноста на предлозите и мерките кај различни политички партии е различна.

2. **Голем фокус на подобрувањето на правната рамка**

**Мал дел од политичките партии ( 4 од 12)** во своите програми **имаат конкретни предлози за подобрување или надградба на правната рамка**. Најголем дел од овие предлози се дел од програмата на СДСМ. Унапредувањето на правната рамка со која би се овозможиле повеќе вработувања, а со тоа и намалување на сиромаштијата (но тука е истовремено опфатена и социјалната сигурност) опфаќа: **изменување** на веќе донесени закони (СДУ), **донесување на нови закони**(СДСМ, ОМ) како и **усогласување на македонската со европската правна рамка** во оваа област (Демокрација е ре). Останатиот дел од партиите не го предвидуваат подобрувањето на правната рамка во делот на вработувањето и сиромаштијата.

**3. Мал фокус на јакнењето на институционалните капацитети за намалување на сиромаштијата и зголемување на вработеноста.**

Од вкупно 12 анализирани програми, **само 5 политички партии нудат конкретни институционални подобрувања** со цел намалување на сиромаштијата и зголемување на вработеноста.
Прашање за кое што постои генерална согласност и се повторува кај најголем дел од партиите е **изградбата на центри, домови и прифатилишта** за најранливите групи во општеството, со што би се подобрил животот на истите.

**4.Различни предлози за подобрување на финансирањето**

Во изборните програми простор наоѓаат и к**онкретните предлози за финансиска поддршка** со цел намалување на сиромаштијата преку зголемување на вработеноста, и тоа на различни начини, но **само во програмите на три политички партии**. Најголем дел од овие мерки се во областа на **субвенционирање** на вработувања на ранливи групи, талентирани ученици, разни видови **стипендии**, **финансирање програми** кои би придонеле кон дообразување/преквалификација на одредени групи граѓани и сл. Притоа, двете најголеми политички партии, односно СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, во своите програми финансирањето го излагаат со конкретни бројки и конкретни таргет групи на кои би се однесувало истото.

## Прилог 1. Веб-страници на кои се објавени програмите

| Подносител | Програма |
|---|---|
| Демокрациа е ре | http://www.demokraciaere.org/pod/docs/ProgramiDR_1.pdf |
| ПОДЕМ | http://podem.org.mk/PODEM_Docu/programa2011Podem.pdf |
| СДУ | http://www.sdu.org.mk/images/stories/dokimenti/izborna-programa-sdu.pdf.pdf |
| ДУА | http://bdsh.eu/docs/platforma.pdf |
| ВМРО-ДПМНЕ | http://vmro-dpmne.org.mk/Dokumenti/Manifest_za_reformi_i_razvoj.pdf |
| ДУИ | http://www.aliahmeti.org/dokumente/programi09.pdf |
| ДПА | http://www.gurra-pdsh.org/ |
| СДСМ | http://www.zatvojataidnina.mk/upload/pdf/Programa_SDSM_2011.pdf |
| ЛДП | http://ldp.org.mk/Dokumenti/LDPProgramaImaIzlez.pdf |
| Демократска десница | http://www.demokratskadesnica.org/programa.pdf |
| НДП | http://www.rdk.org.mk/index.php/programi |
| ОМ | http://www.obedinetizamakedonija.mk/File/OM%20-%20Izborna%20Programa%20-%202011.pdf |

На веб-страницата на интегрираната платформа за набљудување на вонредните парламентарни избори 2011: **www.mojotizbor.mk** може да се најдат сите доставени/објавени програми на политичките партии.